Промоција на безбедна училишна средина
Проект поддржан од Детската фондација Песталоззи

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

# ПОВИК ЗА АНГАЖМАН НА ОБУЧУВАЧ/КА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ОБУКА

## I. Општи информации

Првата детска амбасада во светот Меѓаши објавува повик за обучувач/ка за спроведување дводневна обука за унапредување и зајакнување на комуникациските вештини на волонтерите од линијата за поддршка на деца и млади ,,Ало Бушавко“. Целта е волонтерите да се здобијат со вештини и знаења кои ќе им овозможат ефективна комуникација и поддршка на родителите/старателите кои се соочуваат со предизвици во односот со децата - ученици.

Меѓаши е граѓанска организација чија мисија е да ги застапува и заштитува правата на децата, поттикнува одговорно родителство и почит кон детската личност, го зајакнува граѓанското движење за правата на децата, детското учество и се залага за функционалност на институциите во најдобар интерес на детето. Меѓаши го промовира мировното образование, развивајќи активно граѓанство засновано на принципот на ненасилство и ги негува различностите и еднаквите можности за сите.

Мандатот на Меѓаши е заштита и одбрана на детските права преку што се стреми кон остварување на својата визија за „Поправеден свет за секое дете“. Овој мандат е отелотворен во секоја активност, програма или проект што Меѓаши го спроведува, во секоја иницијатива за застапување на правата на децата и во секоја услуга што организацијата ја обезбедува.

## II. Опис и цел на проектот

Проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина” има за цел да придонесе кон остварување на квалитетно образование на децата во безбедна и партиципативна училишна средина. Фокусот е кон унапредување на постоечките механизми и инструменти за превенција на насилство во училиштата, развој и јакнење на капацитетите на стручните тимови, претставници од училиштата и високото образование, претставници од јавните институции и самите ученици, како и градење соработка помеѓу сите засегнати страни на различни нивоа.

Проектот се спроведува во периодот 01 септември 2023 година до 31 август 2026 година. ПДАС Меѓаши е партнерска организација во целокупниот процес на спроведување, во заедничка соработка со Коалиција на младински организации СЕГА како носител на проектот како и со другите партнерски организации: Македонскиот центар за граѓанско образование и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации – . Проектот е финансиски поддржан од Детската фондација Песталоци.

**III. Цел на повикот**

Поминаа веќе 30 години откако Детската амбасада МЕЃАШИ го воспостави, разви и имплементира сервисот за превенција и поддршка на деца, млади и родители/ старатели “АлоБушавко” тел. линија 070 390 632, која е насочена кон предизвиците, ризиците и проблемите на целната група што произлегуваат од нивното опкружување и средината во која функционираат и се социјализираат. Сервисот е воспоставен и се базира на обезбедување советодавна поддршка и поддршка при вмрежување на сите засегнати страни во превенцијата и заштитата од потенцијалните и постоечки ризици. Тим од волонтери ја обезбедуваат потребната поддршка и се во секојдневна комуникација со корисниците на сервисот насочена да развие доверба, развие вештини и знаења за само – помош кај корисниците и ги вклучува сите засегнати страни и услуги кои се потребни за децата и младите за нивен соодветен развој.

Целта на Ало Бушавко е да обезбеди форум за споделување информации и поддршка, помош при застапување и лобирање, промовирање на правата на детето и промоција на линијата како медиум за помош на децата. Стручниот тим на Ало Бушавко го сочинуваат педагози, психолози, социјални работници и волонтери/волонтерки/ки од овие профили. Посебно место во работењето на линијата имаат волонтерките/волонтерите. Никој од стручниот тим во разговорите не даваат готови решенија на проблемите, туку разговараат за можни алтернативи за решавање на проблемот за кој е до/јавено.

Во согласност со принципите, целите на проектот и активностите, целта на повикот се базира на зајакнување и развивање на комуникациските вештините на тимот од волонтери во поддршката која е насочена кон родителите/ старателите и предизвиците со кои тие се соочуваат поврзани со превенцијата и заштита од насилство во училиштата кај нивните деца – ученици. Развојот на комуникациските вештини на волонтерите е насочен кон обезбедување сервис, услуга за родителите/ старателите што ќе им помогне во градењето на нивниот однос со децата – ученици базиран на доверба, разбирање на нивните потреби и предизвици во училиштето и развој на начини, методи, вештини и знаења во надминувања на предизвиците и потенцијалните ризици од насилство во училиштата.

**IV. Опис на работни задачи**

1. Подготовка, припрема и планирање на обуката

Обучувачот/ката ќе треба да спроведе дводневна обука за тим од 10 волонтери насочена кон зајакнување и развој на нивните вештини и знаења за ефективна комуникација со родителите/старателите на деца во развој и предизвиците во односот со деца – ученици, со акцент на превенција и заштита од насилство во училиштата. Обуката треба да ги развие вештините и знаењата на тимот волонтери во однос на методи, техники и начини на комуникација со родителите/ старателите, примена на позитивни примери во практиката и начини и видови развој на само – помош кај родителите како и зајакнување на нивното вмрежување со засегнатите страни.

Ангажираното лице ќе треба да развие сеопфатен план за обуката, вклучувајќи модули, методологија, програма на обуката, работни материјали и евалуација, во консултација со проектниот тим.

Обуката е дводневна (предвидени се три работни денови заедно со подготовки и евалуација) а истата треба да се спроведе некој од деновите во периодот од 15.01.2024 до 19.01.2024.

Избраното ангажирано лице ќе соработува со проектниот тим на ПДАС Меѓаши за моделот, начинот на спроведување и изборот на материјали за обуката.

2. Спроведување на обуката, обучувачот/обучувачката ќе треба:

- Да спроведе дводневна обука во согласност со утврдената програма
- Примена на утврдениот план, програма и методологија на обуката
- Примена на компаративен пристап во утврдувањето на степенот на унапредувањето на знаењето и вештините кај тимот од волонтери.

При спроведување на обуката ангажираното лице ќе има поддршка во процесот од страна на проектниот тим, кој исто така ќе учествува на обуката.

3. Ангажираното лице за извршените активности до проектниот тим ќе достави:

- Извештај за сопствената работа и спроведената обука
- Пополнета листа со временска рамка

**V. Потребни квалификации за избор на стручните лица**

- Завршени додипломски студии/ VI - А ниво на образование во сегментот на општествени науки;
- Искуство во директна работа со волонтери, родители и поддршка на деца/ученици и нивните семејства и/или заедницата каде припаѓаат ќе се смета за предност при изборот;
- Развиени вештини во организација, модерирање и спроведување на работилници, обуки и тренинзи;
- Искуство во индивидуална работа, работа во групи, сесии за унапредување на личниот развој и комуникациските вештини ќе се смета за предност при изборот;
- Искуство во соработка со граѓанскиот сектор, познавање на принципите на социјалните услуги, искуство во работа на СОС линија ќе се смета за предност при изборот

**VI. Временска рамка**

| **Опис на активност** | **Број на денови** | **Временски рок за испорака** |
|---|---|---|
| Развој на методологија, програма за обука и избор на материјали | 1 | до 12 јануари 2024 |

| | | |
|---|---|---|
| Спроведување на дводневна обука | 2 | до 19 јануари 2024 |

**VII. Хонорари/ Услови за исплата**

Меѓаши ќе ги исплати ангажираното лице, обучувач/ка, по достава на сите претходно наведени документи, за бруто износ од 6.700 денари по ден, а севкупен бруто износ изнесува 20.100 денари, вклучувајќи и персонален данок на приход. Исплатата ќе се изврши во рок од седум (7) дена по примањето и одобрувањето на комплетна документација која опфаќа потпишан договор, Извештаи и Листа со евиденција на работни денови и одобрени производи (опишани во табелата погоре).

**VIII. Процес на аплицирање**

Потребни документи при аплицирање:

1. Професионална биографија
2. Писмо за мотивација (содржината во писмото не треба да надминува повеќе од 1 страна, А4 формат)
3. Референци од претходни и тековни професионални искуства и соработка
4. Нацрт верзија од предвидената програма за спроведување на обуката

Заинтересираните кандидати/ки треба да ги испратат своите апликации во електронска верзија не подоцна од 10.01.2024 на следнава адреса iro@childrensembassy.org.mk.

За дополнителни информации поврзани со наведениот повик можете да ни се обратите преку телефонскиот број за контакт 071 399 079.